РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1233/1
17-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3083/1 од 25.11.2025 година, со наводи за незаконско емитување на телевизиски канал преку кабелски оператори во Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Советот за радиодифузија.

Предметот со број 12-3083/1 од 25.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 25.11.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско емитување на телевизиски канал преку кабелски оператори во Република Северна Македонија и оформен е предмет број 12-3083/1 од 25.11.2025 година.
Во пријавата подносителот изразува сомневање за избегнување на законски обврски за лиценцирање, емитување без дозвола издадена од институциите во Република Северна Македонија, прикривање приходи и создавање нелојална конкуренција.

Според наведеното во пријавата, телевизиски канал со назив /// нема обезбедено лиценца за национално емитување и покрај тоа што се емитува преку

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

повеќе кабелски оператори во Република Северна Македонија. Имено, заради заобиколување на законската процедура и избегнување на голем финансиски издаток, оваа телевизија, наводно поврзана со физичко лице кое е македонски државјанин, како правно лице била регистрирана во ///, Република ///, додека програмата на телевизијата се снима во целосно функционално телевизиско студио во ///.
Дополнително, во пријавата се изнесени наводи за неевидентирана наплата на готовина за емитување на видеоматеријали на телевизискиот канал ///, преку правното лице ///, кое наводно исто така е поврзано со претходно посоченото физичко лице.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи.

Имајќи ги предвид надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и работите кои ги врши Советот за радиодифузија според одредбите на Законот за радиодифузната дејност, ДКСК оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Советот за радиодифузија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК